ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ДИМКАТА АНГЕЛОВ-ГАБЕРОТ
Бр. 03-384/2
28.09.2021 год.
с. ВАТАША КАВАДАРЦИ

До

Граѓанска иницијатива за образовни реформи
„Учебници и настава мора да има“

**Предмет: Доставување информации од јавен карактер**

На ваше барање ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа ви ги доставува следните информации:

1. Во ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа во прво одделение се запишани 28 ученици, а во четврто одделение 35 ученици.
2. Во ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа во прво одделение се формирани 2 паралелки и во четврто одделение се формирани 2 паралелки.
3. Од МОН се дистрибуирани 6 таблети за ученици од четврто одделение, а од локалната самоуправа немаме добиено дигитални уреди.
4. Од вкупно 6 таблети, со инсталирани учебници за четврто одделение на реверс е даден 1 таблет, а останатите не се поделени, бидејќи родителите не сакаа таблет, туку учебник во хартиена форма.
5. Учебни материјали од страна на МОН се доставени 32 учебника за прво одделение, односно за секој ученик по еден комплет, два комплета за ученици кои се запишаа во нашето училиште, па преминаа во друго училиште и два комплета за наставниците. За четврто одделение се доставени 10 комплети учебници за библиотечен фонд.
6. Вкупно 26 (мнозинство) од родителите на учениците од четврто одделение доставија Барање до Директорот и Советот на родители. На состанокот со Советот на родители се разгледа барањето на родителите и се одлучи истото барање да се проследи до Општината.
7. Училницата во Iа одделение од ИТ технологија е опремена со телевизор и проектор, во Iб одделение исто со телевизор и проектор и еден принтер за двете паралелки. Во IVа одделение има лап топ и телевизор, а во IVб има лап топ, телевизор и смарт табла. Дидактичките средства ги користат сите наставници.

Податоците ги изготвил
Педагог- Фруска Стојанова

Директор,
Марјанчо Јанкулов